**ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

**ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ**

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05 и 103/08)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува заштитата на личните податоци како основни слободи и права на физичките лица, а особено правата на приватност во врска со обработка на лични податоци.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Личен податок“ е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет;

2. „Обработка на личните податоци“ е секоја операција или збир на операции што се изведуваат врз лични податоци на автоматски или друг начин, како што е: собирање, евидентирање, организирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, изедначување, комбинирање, блокирање, бришење или уништување;

3. „Збирка на лични податоци“ е структурирана група лични податоци која е достапна согласно со специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа.

4. „Субјект на лични податоци“ е секое физичко лице на кое се однесуваат обработените податоци;

5. „Контролор на збирка на лични податоци“ е физичко или правно лице, државен орган или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци (во натамошниот текст:

контролор). Кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон или друг пропис, со истиот закон, односно пропис се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување;

6. „Обработувач на збирка на лични податоци“ е физичко или правно лице или законски овластен државен орган кое ги обработува личните податоци за сметка на контролорот;

7. „Трето лице“ е секое физичко или правно лице, државен орган или друго тело, кое не е субјект на лични податоци, контролор, обработувач на збирка на лични податоци или лице кое под директно овластување на контролорот или обработувачот на збирка на лични податоци е овластено да ги обработува податоците;

8. „Корисник“ е физичко или правно лице, државен орган или друго тело на кое му се откриваат податоците, заради извршување на редовни работи во согласност со закон. Органите на кои можат да им се откриваат податоците во рамките на посебна истрага, не се сметаат за корисници во смисла на овој закон;

9. „Согласност на субјектот на лични податоци“ е слободно и изречно дадена изјава на волја на субјектот на лични податоци со која се согласува со обработката на неговите лични податоци за однапред определени цели;

10. „Посебни категории на лични податоци“ се лични податоци кои го откриваат расното или етничко потекло, политичко, верско, филозофско или друго уверување, членството во синдикална организација и податоци што се однесуваат на здравјето на луѓето, вклучувајќи ги и генетските податоци, биометриски податоци или податоци кои се однесуваат на сексуалниот живот;

11. „Трета земја“ е земја која не е членка на Европската унија или не е членка на Европскиот економски простор.

Член 3

Овој закон се применува:

- на целосно и делумно автоматизирана обработка на личните податоци и

- на друга обработка на личните податоците што се дел од постојна збирка на лични податоци или се наменети да бидат дел од збирка на лични податоци.

Член 3 - а

Контролорот кој е основан во Република Македонија е должен да работи во согласност со одредбите на овој закон.

Одредбите од овој закон се применуваат и во случаите кога контролорот не е основан во Република Македонија, ако:

- контролорот е основан на територија на друга држава на која националното право на Република Македонија се применува врз основа на меѓународното јавно право и
- опремата што ја користи за обработка на личните податоци се наоѓа во Република Македонија, освен ако опремата се користи само за транзит преку територијата на Република Македонија.

Во случајот од став 2 на овој член контролорот е должен да определи претставник во Репулика Македонија одговорен за заштита на личните податоци, во спротивно обработувачот е одговорен за заштитата на личните податоци.

Член 4

Одредбите на овој закон нема да се применуваат врз обработката на личните податоци што се врши од страна на физички лица исклучиво заради лични активности или активности во домот.

Одредбите од главите VI, VII и VIII на овој закон нема да се применуваат врз обработката на личните податоци заради заштита на интересите на државната безбедност и одбраната на Република Македонија.

Член 4-а

Одредбите од членовите 6, 7, 11, 12, 13, 14, 16 и од 22 до 36 на овој закон нема да се применуваат врз обработката на личните податоци што се врши единствено за:

- литературниот и уметничкиот израз и
- професионалното новинарство во согласност со етичките правила на оваа професија.

Член 4-б

Постапките предвидени со овој закон ќе се водат согласно со одредбите од Законот за општата управна постапка, ако со овој закон поинаку не е уредено.

## II. ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Член 5

Личните податоци се:

- обработуваат правично и во согласност со закон;

- собираат за конкретни, јасни и со закон утврдени цели и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели. Натамошната обработка на податоците за цели на историски, научни или статистички истражувања нема да се смета дека не е во согласност со првичните цели за собирање на податоците доколку се преземени соодветни заштитни мерки во согласност со закон;

- соодветни, релевантни и не преобемни во однос на целите заради кои се собираат и обработуваат;

- точни, целосни и каде што е потребно ажурирани, при што ќе се преземат сите соодветни мерки за бришење или корегирање на податоците што се неточни или нецелосни, имајќи ги предвид целите заради кои биле собрани или обработени и

- чувани во форма што овозможува идентификација на субјектот на лични податоци, не подолго од што е потребно да се исполнат целите поради кои податоците се собрани за натамошна обработка.

По истекот на рокот за чување, личните податоци може да се обработуваат само за историски, научни или статистички цели.

Кога личните податоци се употребуваат за целите од став 2 на овој член, мора да се почитува правото на заштита на приватноста, личниот и семејниот живот на субјектот на лични податоци од нивна неовластена употреба и во најкраток можен рок податоците да се направат анонимни.

За квалитетот на личните податоци согласно со ставот 1 на овој член е одговорен контролорот.

Член 6

Обработката на личните податоци може да се врши:

- по претходно добиена согласност на субјектот на лични податоци;

- за извршување на договор во кој субјектот на лични податоци е договорна страна или на барање на субјектот на лични податоци, пред негово пристапување кон договорот;

- за исполнување на законска обврска на контролорот;

- за заштита на животот или суштинските интереси на субјектот на лични податоци;

- за извршување на работи од јавен интерес или на службено овластување на контролорот или на трето лице на кое му се откриени податоците или

- за исполнување на правните интереси на контролорот, трето лице или лице на кое податоците му се откриени, освен ако слободите и правата на субјектот на лични податоци не преовладуваат над таквите интереси.

Контролорот го докажува постоењето на согласност на субјектот на лични податоци од став 1 алинеја 1 на овој член.

Член 7

Обработка на личните податоци што се однесува на кривични дела, изречени казни, алтернативни мерки и мерки на безбедност за извршени кривични дела може да се врши во согласност со закон.

## III. ОБРАБОТКА НА ПОСЕБНИ КАТЕГОРИИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Член 8

Забранета е обработка на посебните категории на лични податоци.

По исклучок од ставот 1 на овој член, обработка на посебните категории на лични податоци може да се врши ако:

- врз основа на изречна согласност на субјектот на личните податоци дадена за обработка на такви податоци, освен кога со закон е предвидено дека забраната за обработка на такви податоци не може да се отповика со изречна согласност од субјектот на лични податоци;

- е потребна заради спроведување на конкретните права и обврски на контролорот во областа на трудовото право, до степен и со соодветни гаранции утврдени со законите од оваа област;

- тоа е потребно за заштита на суштинските интереси на субјектот на личните податоци или на друго лице ако тоа има физички недостатоци кои го спречуваат да даде согласност или е деловно неспособно да даде согласност;

- обработката се спроведува во рамките на работењето на установи, здруженија или кои било други непрофитни организации заради политичка, филозофска, верска, синдикална или друга цел под услов обработката на податоците да се однесува исклучиво на нивните членови и тие податоци нема да бидат откриени на трети лица без согласност на субјектот на личните податоци;

- обработката се однесува на податоци кои субјектот на лични податоци јавно ги објавил;

- тоа е потребно заради утврдување или остварување на поединечни правни интереси;

- тоа е потребно заради стекнување, остварување и заштита на права на субјектот на лични податоци во постапка пред надлежни органи;

- тоа е потребно за цели на медицинска превенција, дијагноза, лекување или управување со јавна здравствена установа и се врши од страна на лице чија професија е давање здравствена заштита под заклетва на чување на тајност на податоците за кое дознало во вршењето на неговата професија и

- соодветни мерки за заштита заради извршување на работи од јавен интерес се утврдени со закон или со одлука на Дирекцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Дирекцијата).

Член 9

Матичниот број на граѓанинот може да се обработува само:

- по претходна изречна согласност на субјектот на лични податоци;

- за остварување на со закон утврдени права или обврски на субјектот на лични податоци или контролорот и

- во други случаи утврдени со закон.

Матичниот број на граѓанинот може да се обработува при вршење на работи кои се однесуваат на добивање кредит, при наплата на долг, осигурување, рентирање, основање на трговско друштво, во кредитни работи, здравствена и социјална заштита, вработување и други услуги во корист на субјектот на лични податоци.

Контролорот води сметка матичниот број на граѓанинот да не биде непотребно видлив, печатен или преземен од збирка на лични податоци.

Член 9-а

Одредбите од овој закон се применуваат и на обработката на личните податоци преку вршење на видео надзор, освен ако со друг закон поинаку не е предвидено.

Контролорот кој врши видео надзор е должен да истакне известување. Известувањето мора да биде јасно, видливо и истакнато на начин што им овозможува на субјектите на лични податоци да се запознаат со вршењето на видео надзорот.

Известувањето од став 2 на овој член содржи информација:

- дека се врши видео надзор;

- за името на контролорот кој го врши видео надзорот и

- за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

Субјектот на лични податоци е информиран за обработката на личните податоци согласно со членовите 10 и 11 на овој закон, ако е истакнато известување согласно со ставовите 2 и 3 на овој член.

Контролорот може да врши видео надзор само на просторот кој е доволен за исполнување на целите за кои е поставен.

Снимките направени при вршење на видео надзор се чуваат до исполнување на целите за кои се врши, но не подолго од 30 дена, освен ако со друг закон не е предвиден подолг рок.

Член 9-б

Контролорот може да врши видео надзор во неговите службени или деловни простории ако тоа е потребно за:

- заштита на животот или здравјето на луѓето;

- заштита на сопственоста;

- заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата или

- обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории.

Контролорот го уредува начинот на вршењето на видео надзор со посебен акт.

Контролорот задолжително ги известува вработените за вршење на видео надзор во службени или деловни простории.

Забрането е вршење на видео надзор во гардероби, соблекувални, санитарни чворови, лифтови и други слични простории.

Член 9 - в

За вршење на видео надзор во станбени згради потребна е согласност од сите сопственици на становите.

Забрането е пренесување на снимките од видео надзорот во станбените згради преку кабелска телевизија (јавна или интерна мрежа), преку интернет или други електронски средства за пренос на податоци.

Забрането е снимање на влезови на индивидуални станови на други сопственици.

## IV. ПРАВА НА СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Член 10

Кога податоците се прибираат од субјектот на лични податоци тој мора да биде информиран за:

- идентитетот на контролорот и неговиот претставник во Република Македонија, ако го има;

- целите на обработката;

- корисниците или категориите на корисници на личните податоци;

- задолжителноста на давањата на одговорите на прашањата;

- можните последици ако не се даде одговор и

- постоењето на право на пристап и право на исправка на неговите лични податоци.

Контролорот не го информира субјектот на лични податоци ако тој веќе е запознаен со работите наведени во став 1 алинеи од 1 до 6 на овој член.

Член 11

Кога податоците не се прибираат од субјектот на лични податоци, контролорот во времето на евидентирање на личните податоци, а ако е предвидено личните податоци да бидат откриени на трето лице најдоцна до моментот кога податоците првпат се откриени, мора да го информира субјектот на лични податоци за:

- идентитетот на контролорот и неговиот претставник во Република Македонија, ако го има;

- целите на обработката;

- категориите на податоци;

- корисниците или категориите на корисници на личните податоци и

- постоењето на право на пристап и право на исправка на податоците што се однесуваат на субјектот на лични податоци.

Контролорот не го информира субјектот на лични податоци ако тој веќе е запознаен со работите наведени во став 1 алинеи од 1 до 5 на овој член.

По исклучок од ставот 1 на овој член, контролорот не го информира субјектот на лични податоци, за обработување на личните податоци за историски, научни или статистички цели, ако:

- истото е невозможно или бара несразмерен напор или трошоци или

- собирањето односно откривањето на личните податоци е утврдено со закон.

Член 12

Субјектот на лични податоци може да побара од контролорот да го информира:

- дали се врши обработка на неговите лични податоци;

- за целите и правната основа на обработката на личните податоци и корисниците или категориите на корисници на кои им се откриваат личните податоци;

- за личните податоци во врска со субјектот на лични податоци и изворот на податоци и

- за логиката на автоматизирана обработка, во случај на одлука донесена врз автоматска обработка, која има влијание врз субјектот на лични податоци.

Контролорот е должен да одговори на субјектот на лични податоци од став 1 на овој член, во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Кога контролорот одговорил на барањето на субјектот на лични податоци од став 1 на овој член, нема обврска повторно да одговори на исто или слично барање на тој субјект, ако во меѓувреме нема промени во неговите лични податоци, освен ако изминале шест месеца од денот на доставувањето на претходното барање до новото барање.

Член 13

Кога личните податоци се обработуваат во согласност со членот 6 став 1 алинеи 5 и 6 на овој закон субјектот на лични податоци има право да побара запирање на обработката на неговите лични податоци.

Во случаите од став 1 на овој член, ако барањето е основано, контролорот е должен да ја запре понатамошната обработка на личните податоци.

Член 13-а

Обработката на лични податоци за цели на директен маркетинг е дозволена само доколку личните податоци се обработуваат согласно со членот 6 став 1 алинеја 1 од овој закон, освен ако со друг закон поинаку не е предвидено.

Субјектот на личните податоци има право во секое време, бесплатно и со користење на едноставни средства да ја повлече согласноста за обработка на неговите лични податоци за цели на директен маркетинг.

Член 14

По барање на субјектот на лични податоци, контролорот е должен да ги дополни, измени, избрише или да го сопре користењето на личните податоци, ако податоците се нецелосни, неточни или неажурирани и доколку нивната обработка не е во согласност со одредбите на овој закон.

Во случај кога контролорот ќе утврди дека личните податоци се нецелосни, неточни или неажурирани, должен е истите да ги дополни, измени или избрише, независно од тоа дали субјектот на лични податоци има поднесено барање за дополнување или изменување на личните податоци.

За извршеното дополнување, измена или бришење на личните податоци, согласно со ставот 2 на овој член, контролорот е должен најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето писмено да го извести субјектот на лични податоци, корисниците на личните податоци или третите лица на кои им се откриени личните податоци, освен ако тоа не е возможно или ако тоа бара несразмерен напор или трошоци.

Член 15

Правата на субјектот на лични податоци утврдени со одредбите на членовите 10, 11, 12, 13 и 14 од овој закон, може да се ограничат во посебни случаи кога со нивното практикување ќе се загрози остварувањето на обврските на контролорот предвидени со закон, и тоа:

- за заштита на безбедноста и одбраната на државата;

- заради откривање и гонење на сторители на кривични дела;

- заради заштита од повреда на етички правила на одредена професија;

- заради заштита на важни економски или финансиски интереси на државата;

- заради заштита на важни економски или финансиски интереси на Европската унија и

- заради заштита на правата и слободите на субјектот на лични податоци или правата на другите физички лица.

Член 16

Контролорот нема да постапи по барањето на субјектот на лични податоци согласно со членот 12 од овој закон, кога е овластен согласно со закон и ако личните податоци се обработуваат исклучиво во научно истражување или ако се собрани исклучиво за утврдени статистички цели и се чуваат за период што не го надминува периодот потребен за единствена цел за создавање на статистички податоци.

Членот 17 се брише.

Член 18

Физичко лице или здружение на граѓани во кое членува физичкото лице ако смета дека му е повредено некое право загарантирано со овој закон (во натамошниот текст: подносител на барањето) може да поднесе барање за утврдување на повреда на правото до Дирекцијата.

Дирекцијата ќе одлучи дали во текот на постапката на спротивната страна ќе ги открие личните податоци на подносителот на барањето.

Ако во текот на постапката како доказно средство треба да се изврши увид во врска со барањето од став 1 на овој член, овластеното лице на Дирекцијата, може да:

- влезе во просториите каде што се обработуваат лични податоци, да изврши увид и да бара писмено или усно објаснување во врска со обработката и опремата;
- повикува и испитува лица и
- бара увид во документација и копии од истата.

Директорот на Дирекцијата за секој одделен увид издава овластување.

Член 18-а

За повреда на правото од член 18 став 1 на овој закон, директорот на Дирекцијата одлучува со решение.

Решението од став 1 на овој член може да содржи и мерки и рокови за отстранување на констатираните повреди.

Против решението на директорот на Дирекцијата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Членот 19 се брише.

Член 20

Трошоците од членовите 10, 11 и 12 на овој закон, ги сноси контролорот ако со закон поинаку не е уредено.

Член 21

За штета која на субјектот на лични податоци му е причинета со обработка на лични податоци или со друга активност, извршени спротивно од одредбите на овој закон, одговара контролорот, освен ако докаже дека штетата не настанала по негова вина.

Член 22

Судска одлука или друга одлука што произведува правно дејство спрема некое лице или значително го засега тоа лице, не може да се заснова единствено на автоматизирана обработка на податоци чија намена е дефинирање на профилот или оцена на одредени аспекти на личноста на тоа лице, без претходно потврдување од страна на овластено лице.

Ставот 1 на овој член нема да се применува, ако одлуката е донесена:

- во текот на склучување или исполнување на договор, а на лицето му било овозможено да го изнесе својот став или одлуката е донесена во согласност со барањето на тоа лице или

- согласно посебен закон.

## V. ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Член 23

За да се обезбеди тајност и заштита на обработката на личните податоци на субјектот, контролорот и обработувачот мора да применат соодветни технички и организациски мерки за заштита од случајно или незаконско уништување на личните податоци, или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, особено кога обработката вклучува пренос на податоци преку мрежа и заштита од какви било незаконски облици на обработка.

Личните податоци од членовите 8 и 9 на овој закон, можат да се пренесуваат преку телекомуникациска мрежа, само ако посебно се заштитени со соодветни методи, така што нема да бидат читливи при преносот.

Мерките од став 1 на овој член треба да обезбедат степен на заштита на личните податоци соодветно на ризикот при обработката и природата на податоците кои се обработуваат.

Контролорот и обработувачот се должни да водат документација со опис на техничките мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Директорот на Дирекцијата ќе ја пропише содржината на документацијата од став 4 на овој член, како и примената на соодветни технички и организациски мерки кои треба да бидат преземени за да се обезбеди тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Член 24

Само лицето кое добило овластување од контролорот или обработувачот, вклучувајќи го и самиот обработувач, може да врши обработка на лични податоци.

Лицето од став 1 на овој член задолжително треба да:

- биде запознато со начелата за заштита на личните податоци пред неговиот пристап до личните податоци;

- врши обработка на личните податоци согласно со упатствата добиени од контролорот, освен ако со закон поинаку не е уредено и

- ги чува како доверливи личните податоци како и мерките за нивна заштита.

Член 25

Контролорот и обработувачот се должни да водат евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци која содржи:

- име и презиме на овластеното лице;

- датум на издавање, рок на важење, како и обем на овластувањето за пристап до личните податоци и

- начин на пристап.

Член 26

Контролорот може да пренесе работи од неговиот делокруг на работа поврзани со обработка на лични податоци на обработувачот.

Меѓусебните права и обврски на контролорот и обработувачот мора да бидат уредени со договор во писмена форма кој задолжително содржи:

- обврска за обработувачот да постапува единствено во согласност со упатствата добиени од страна на контролорот и

- обврска и за обработувачот да преземе технички и организациски мерки за да обезбеди тајност и заштита на обработката на личните податоци.

## VI. ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТЕР НА ЗБИРКИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ПРЕТХОДНО ОДОБРУВАЊЕ

Член 27

Контролорот пред да започне со обработка на личните податоци е должен да ја извести Дирекцијата.

Известувањето од ставот 1 на овој член го содржи следното:

1) назив на збирката на лични податоци;

2) назив односно лично име на контролорот и неговото седиште, односно адреса, како и називот и адресата на неговиот претставник, доколку го има;

3) цел или цели на обработката;

4) правна основа за воспоставување збирка на лични податоци;

5) категорија или категории на субјектите на личните податоци и лични податоци, односно категории на личните податоци кои се однесуваат на него или нив;

6) корисниците или категориите на корисници на кои можат да им се дадат на користење личните податоци;

7) пренос на личните податоци во други држави и

8) општ опис со кој ќе се овозможи првична оценка на соодветноста на преземените мерки за заштита на личните податоци и на нивната обработка.

Контролорот може да ја започне обработката на личните податоци која е предмет на известувањето, веднаш по добивање на потврда за прием на известувањето од ставот 2 на овој член.

Контролорот е должен да ја извести Дирекцијата за секоја промена содржана во известувањето од ставот 2 на овој член, во рок од 30 дена од денот на промената.

Директорот на Дирекцијата ги пропишува формата и содржината на образецот на известувањето, како и начинот на известувањето од став 1 на овој член.

Член 28

Контролорот нема обврска да ја извести Дирекцијата согласно со членот 27 од овој закон, ако:

- личните податоци се дел од јавно достапни збирки врз основа на закон;

- збирката на лични податоци се однесува за најмногу до 10 вработени кај контролорот или

- обработката се однесува на лични податоци на членови на здруженија основани за политички, филозофски, верски или синдикални цели.

Контролорот од став 1 на овој член е должен да одговори на барањето на физичко лице за доставување на податоците од членот 27 став 2 точки 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 на овој закон во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Член 29

Само по претходно добиено одобрение од страна на Дирекцијата се врши обработка на следниве лични податоци:

- матичен број на субјектот на лични податоци;

- податоци во врска со расното или етничко потекло на субјектот на лични податоци;

генетски податоци, освен ако обработката на податоците не се врши од страна на стручни лица за потребите на превентивна медицина, медицинска дијагноза или нега и терапија на субјектот на лични податоци и

- биометриски податоци, потребни за потврда на идентитетот на субјектот на лични податоци.

Одобрението од ставот 1 на овој член не е потребно во случај кога обработката на личните податоци е утврдена со закон.

Барањето за добивање на одобрението од ставот 1 на овој член треба да ги содржи податоците наведени во членот 27 став 2 од овој закон.

Член 30

Дирекцијата води Централен регистар на збирки на лични податоци (во натамошниот текст: Централен регистар).

Централниот регистар содржи податоци од известувањата примени во согласност со членот 27 од овој закон и одобренијата издадени согласно со членот 29 од овој закон.

Централниот регистар се ажурира по приемот на известување од страна на контролорот или по службена должност.

Податоците од Централниот регистар се јавни освен податоците од член 27 став 2 точка 8 на овој закон.

## VII. ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ДРУГИ ДРЖАВИ

Член 31

Пренос на лични податоци во други држави може да се изврши само доколку другата држава обезбеди соодветен степен на заштита на лични податоци.

Нивото на заштита обезбедено од страна на друга држава, Дирекцијата го оценува врз основа на:

- природата на податоците;

-целта и времетраењето на предложената операција или операции за обработка;

- државата во која ќе се пренесат податоците;

- владеење на правото и

- мерки за безбедност кои постојат во таа држава.

Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член не се применуваат за земјите членки на Европската унија и за земјите членки на Европскиот економски простор.

Ако Европската Комисија утврди дека третата земја не обезбедува соодветно ниво на заштита во однос на преносот или категорија на пренос на лични податоци, Дирекцијата по приемот на известувањето согласно со членот 27 на овој закон, издава решение за забрана на пренос на лични податоци.

Ако Дирекцијата оцени дека определена трета земја не обезбедува соодветно ниво на заштита во однос на пренос на лични податоци, веднаш ја известува Европската Комисија и му наложува на контролорот запирање на преносот на податоците.

Ако Европската Комисија утврди дека третата земја кон која се подготвувал преносот на лични податоци согласно со ставот 5 на овој член, обезбедува соодветно ниво на заштита, Дирекцијата го известува контролорот за отповикување на запирањето на преносот, спроведен согласно со ставот 5 на овој член.

Ако Европската Комисија утврди дека третата земја кон која се подготвувал пренос на лични податоци согласно со ставот 5 на овој член не обезбедува соодветно ниво на заштита, Дирекцијата на контролорот му издава решение за забрана на пренос на податоци кон таа земја.

Член 32

Доколку државата во која треба да се пренесат податоците не обезбеди соодветен степен на заштита на личните податоци, контролорот нема да го изврши преносот на личните податоци.

Член 33

По исклучок од членот 31 ставови 1 и 2 на овој закон, преносот на личните податоци може да се изврши во следниве случаи:

- субјектот на лични податоци изречно се согласил да се изврши пренос на податоците;

- преносот е неопходен заради спроведување на договор на субјектот на лични податоци и контролорот или спроведување на преддоговорни мерки преземени како одговор на барањето на субјектот на лични податоци;

- преносот е неопходен заради склучување или исполнување на договор склучен во интерес на субјектот на лични податоци, меѓу контролорот и трето лице;

- преносот е неопходен заради заштита на јавен интерес или заради јавната безбедност;

- преносот е неопходен заради утврдување или остварување на поединечни правни интереси;

- преносот е неопходен заради заштита на животот или суштинските интереси на субјектот на лични податоци и

- преносот се врши од јавно достапни збирки на лични податоци или од збирки на лични податоци достапни за лице кое ќе го стори веројатен својот правен интерес во обем утврден со закон.

По исклучок од ставот 1 на овој член, преносот на лични податоци во други држави кои не обезбедуваат најмалку исто ниво на заштита на лични податоци како во Република Македонија, може да се изврши по претходно одобрение од страна на Дирекцијата, под услов да бидат обезбедени соодветни гаранции за заштита на приватноста, правата и слободите на субјектот на лични податоци.

Дирекцијата за заштита на личните податоци ја информира Европската Комисија и надзорните органи за заштита на личните податоци на земјите членки на Европската унија во врска со одобрението за пренос на лични податоци кое го издала во согласност со став 2 на овој член.

## VIII. ДАВАЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ НА КОРИСНИЦИ

### Член 34

Контролорот ќе ги даде личните податоци на користење на корисник, врз основа на писмено барање од корисникот, доколку тие се потребни за извршување на работи во рамките на со закон утврдените надлежности на корисникот.

Писменото барање од ставот 1 на овој член мора да содржи причини, законска основа за користење на личните податоци и категорија на личните податоци кои се бараат.

Забрането е давање на лични податоци на користење на корисник чија обработка, односно користење не може да се врши согласно со одредбите од членот 6 и членот 8 став 2 на овој закон и доколку целта заради која се бараат личните податоци е во спротивност со членот 5 став 1 алинеја 2 од овој закон.

Личните податоци кои се обработени во научно-истражувачки и статистички цели не можат да се даваат на користење на корисник во форма која овозможува идентификација на лицето на кое се однесуваат личните податоци.

Во случаите од ставот 1 на овој член, контролорот води посебна евиденција за личните податоци кои се дадени на користење, корисникот на личните податоци и причината за која овие лични податоци се дадени на корисникот.

Член 35

Личните податоци од членот 34 на овој закон можат да се користат само во време кое е неопходно за остварувањето на одредената цел.

По истекот на времето од ставот 1 на овој член, личните податоци мораат да се бришат, освен ако со закон поинаку не е уредено.

Член 36

Одредбите од овој закон за давање на лични податоци на користење се однесуваат и на размената на лични податоци меѓу државни органи, освен ако со закон поинаку не е уредено.

## IX. ОСНОВАЊЕ И НАДЛЕЖНОСТИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Член 37

Заради вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработување на лични податоци и нивната заштита, на територијата на Република Македонија, се основа Дирекција за заштита на личните податоци, како самостоен и независен државен орган со својство на правно лице.

Со Дирекцијата раководи директор, кој го избира и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија по пат на јавен конкурс.

Директорот на Дирекцијата се избира за време од пет години, со право повторно да биде избран, но не повеќе од двапати.

Директорот на Дирекцијата има заменик кој го избира и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија по пат на јавен конкурс за време од пет години.

За својата работа и за работата на Дирекцијата, директорот и заменикот на директорот на Дирекцијата одговараат пред Собранието на Република Македонија.

Седиштето на Дирекцијата е во Скопје.

Член 38

За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Македонија;

- да има најмалку петгодишно работно искуство во правни работи;

- да е истакнат правник и

- да не е казнет со казна, односно да не му е изречена прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност.

За заменик на директорот може да биде избрано лице кое ги исполнува условите наведени во став 1 на овој член.

На директорот, односно на заменикот на директорот, функцијата може да му престане со негово разрешување или во случај на смрт.

Функцијата директор, односно заменик директор престанува поради следните основи:

- на негово барање,

- ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата,

- ако ги исполни условите за старосна пензија согласно закон,

- ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор во траење од најмалку шест месеца,

- кога ќе престане да исполнува кој било од условите наведени во став 1 алинеи 1 и 4 на овој член и

- поради нестручно и несовесно работење.

Член 39

Пред стапување на функцијата, директорот, односно заменикот на директорот, пред претседателот на Собранието на Република Македонија дава и потпишува свечена изјава, која гласи:

„Изјавувам дека функцијата директор ќе ја извршувам совесно, непристрасно и одговорно, ќе го штитам правото на заштита на личните податоци и ќе се придржувам на Уставот и законите на Република Македонија.“

Член 40

Функцијата директор, односно функцијата заменик на директорот, е неспојлива со вршење други јавни функции или професии.

Член 41

Дирекцијата ги има следните надлежности:

- подготвува и донесува подзаконски акти што се однесуваат на заштитата на личните податоци,

- развива политики и дава насоки во врска со заштитата на личните податоци,

- врши инспекциски надзор согласно со одредбите на овој закон,

- води управна постапка и донесува решенија при постапување по барања,

- ја цени законитоста на обработката на личните податоци,

- води Централен регистар,

- издава претходно одобрение за обработката на личните податоци согласно со одредбите на овој закон,

- издава забрана за натамошна обработка на личните податоци на контролорот,

- издава одобрение за пренос на личните податоци во други држави,

- дава мислења по предлозите на акти во областа на заштитата на личните податоци,

- дава мислења по предлози на кодекси на однесување што се однесуваат на заштитата на личните податоци,

- води прекршочна постапка преку Комисијата за одлучување по прекршок во согласност со закон,

- постапува по барањата на надзорни тела во областа на заштита на личните податоци на други држави во врска со извршувањето на нивните активности на територија на Република Македонија,

- врши обука и дава стручна помош на заинтересирани контролори, односно обработувачи,

- остварува меѓународна соработка во областа на заштитата на личните податоци и учествува во работата на меѓународните организации и институции за заштита на личните податоци и

- врши други работи утврдени со закон.

Трошоците за обука и давање на стручна помош од ставот 1 алинеја 15 на овој член паѓаат на товар на контролорите односно на обработувачите.

Висината на трошоците од ставот 2 на овој член ја определува директорот на Дирекцијата во рамките на реалните трошоци потребни за спроведување на обуката и за давање на стручна помош.

Член 41-а

Директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци:

- ја претставува Дирекцијата;

- организира и обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите во Дирекцијата;

- донесува решенија во согласност со закон;

- донесува прописи за кои е овластен и

- врши други работи од надлежност на Дирекцијата во согласност со закон.

Член 42

Директорот доставува до Собранието на Република Македонија годишен извештај за работата на Дирекцијата за претходната календарска година најдоцна до крајот на месец март во тековната година.

По потреба и по барање на Собранието на Република Македонија, директорот доставува дополнителни извештаи.

Годишниот извештај од став 1 на овој член, Дирекцијата го објавува на својата веб страница.

Член 43

Директорот, заменикот на директорот и вработените во Дирекцијата се должни да ги чуваат како тајна податоците до кои дошле во својата работа, како за време на мандатот, односно вработувањето во Дирекцијата, така и по неговото завршување, а кои претставуваат лични податоци или класифицирани информации во согласност со закон.

## IX-a. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 44

Инспекцискиот надзор на спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го врши Дирекцијата преку инспекторите за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: инспектори).

Инспекторите, кои го вршат инспекцискиот надзор, покрај општите услови за вработување, потребно е да ги исполнуваат и следните посебни услови: да имаат високо образование од областа на правото или информатичките науки и работно искуство најмалку две години од кои една година на работи поврзани со заштита на личните податоци.

Член 44-а

Службеното својство на инспекторот се докажува со легитимација.

При вршењето на инспекциски надзор инспекторите се должни да се легитимираат.

Легитимацијата од став 1 на овој член ја издава и одзема директорот на Дирекцијата.

Директорот на Дирекцијата го пропишува образецот, формата и содржината на легитимацијата, како и начинот на нејзиното издавање и одземање.

Член 44-б

Инспекцискиот надзор може да биде редовен, вонреден или контролен.

Редовниот инспекциски надзор опфаќа надзор на спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и се врши според годишна програма, што директорот на Дирекцијата ја донесува до крајот на тековната за наредната година.

Вонредниот инспекциски надзор се врши врз основа на иницијативи, претставки и предлози поднесени од физичко или правно лице, врз основа на поднесено барање, како и во случај на сомневање на инспекторот за повреди на одредбите на овој закон.

Контролниот инспекциски надзор се врши по истекот на рокот определен во решението за отстранување на утврдени недостатоци.

Директорот на Дирекцијата го пропишува начинот на вршење на инспекцискиот надзор.

Член 44-в

При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот е должен да го презентира индивидуалното овластување за вршење на инспекцискиот надзор издадено од директорот на Дирекцијата.

Заради вршење на инспекцискиот надзор инспекторот може да:

- влезе во било кои простории каде се обработуваат личните податоци и да изврши увид во нивната обработка;

- бара писмено или усно објаснување и да повикува и испитува лица во врска со обработката на личните податоци;

- бара увид во документација и кои било други податоци во врска со контролорот, односно обработувачот и копии од истите;

- ја испитува опремата со која се врши обработка на личните податоци и опремата каде што се чуваат личните податоци, со овластен претставник на контролорот, односно обработувачот;

- побара да биде подготвена експертска анализа и мислење во врска со преземениот инспекциски надзор и

- ги користи комуникациските уреди на контролорот, односно обработувачот заради исполнување на целите на истиот.

По исклучок од став 2 на овој член, во домот на физичко лице кое врши обработка на лични податоци, инспекторот може да влезе според постапка утврдена со закон.

Член 45

По завршениот инспекциски надзор се составува записник што го потпишува инспекторот. Примерок од записникот се доставува до контролорот односно обработувачот каде е извршен инспекцискиот надзор, во рок од 15 дена од денот на завршувањето на инспекцискиот надзор.

Контролорот односно обработувачот во рок од седум дена од денот на приемот на записникот од став 1 на овој член може да достави забелешки.

Во рок од 15 дена по истекот на рокот од став 2 на овој член инспекторот донесува решение, со кое ќе утврди:

- рок за отстранување на повредата;

- комплетирање, ажурирање, исправање, откривање или обезбедување тајност на личните податоци;

- усвојување дополнителни мерки за заштита на лични податоци;

- забрана на натамошна обработка на личните податоци;

- запирање на преносот на личните податоци на други држави;

- обезбедување податоци или нивниот пренос до други субјекти или

- блокирање, бришење или уништување на личните податоци.

Против решението од ставот 3 на овој член може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Членот 46 се брише.

Член 47

Ако при вршење на надзор инспекторот утврди повреда на овој или друг закон, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка. Барањето за поведување на прекршочна постапка се доставува до Комисијата за одлучување по прекршок.

Член 47-а

Ако со решение на контролорот, односно обработувачот му е утврден рок за постапување согласно овој закон, должен е по истекот на овој рок, да ја извести Дирекцијата дали постапил по истото.

Инспекторот има право во рок од 15 дена по истекот на рокот утврден за отстранување на констатираните повреди со решението од членот 45 став 3 на овој закон да изврши контролен надзор врз контролорот односно обработувачот.

## IX-б. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДИРЕКЦИЈАТА

Член 48

Финансиски средства за работа на Дирекцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од други извори во согласност со закон.

Средствата кои се остваруваат од вршење на обука и давање на стручна помош од членот 41 став 1 алинеја 15 на овој закон се приходи на Дирекцијата.

## X. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 49

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице – контролор, ако:

1) податоците што ги обработува се несоодветни или преобемни во однос на целите заради кои се собираат и обработуваат (член 5 став 1 алинеја 3);

2) податоците што ги собира се неточни, нецелосни или неажурирани или ако не преземе соодветни мерки за бришење или коригирање на податоците што се неточни или нецелосни (член 5 став 1 алинеја 4);

3) не истакне известување за вршење на видео надзор (член 9-а став 2);

4) врши видео надзор надвор од просторот кој е дозволен за исполнување на целите за кои е поставен (член 9-а став 5);

5) снимките направени при вршењето на видео надзорот ги чува подолго од што е потребно да се исполнат целите за кои се врши, или ги чува подолго од дозволениот рок со овој или друг закон (член 9-а став 6);

6) видео надзорот во службените или деловните простории се врши спротивно на член 9-б од овој закон;

7) видео надзорот во станбените згради се врши спротивно на член 9-в од овој закон;

8) не го информира субјектот на личните податоци за својот идентитет и за целите на обработката (членови 10 и 11);

9) во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето на субјектот на лични податоци не одговори дали личните податоци што се однесуваат на него се обработуваат; за целите и правната основа на обработката на личните податоци и корисниците или категориите на корисници на кои им се откриваат податоците; за личните податоци во врска со субјектот и изворот на податоци (член 12 став 2);

10) не одговори на повторното барање на субјектот на личните податоци, а изминале шест месеци од доставувањето на претходното барање (член 12 став 3);

11) не ја запре понатамошната обработка на личните податоци, кога барањето на субјектот на личните податоци е основано (член 13 став 2);

12) и покрај барањето од субјектот на лични податоци, не ги дополнил, изменил, избришал или не го сопрел користењето на личните податоци кои се нецелосни, неточни, неажурирани или чија обработка не е во согласност со одредбите на овој закон или оние податоци за кои тој сам утврдил дека се неточни, нецелосни и неажурирани, независно од тоа дали субјектот поднел барање за дополнување или измена (член 14 ставови 1 и 2);

13) во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето писмено не го извести субјектот на лични податоци, корисниците на личните податоци или трето лице на кое му се откриени личните податоци за извршеното дополнување, измена или бришење на личните податоци (член 14 став 3);

14) не примени соодветни технички или организациски мерки за да се обезбеди тајност и заштита на обработката на личните податоци на субјектот и со тоа ќе предизвика: случајно или незаконско уништување на личните податоци; нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, особено

кога обработката вклучува пренос на податоци преку мрежа, или какви било незаконски облици на обработка (член 23 став 1);

15) пренесува лични податоци од членовите 8 и 9 на овој закон преку телекомуникациска мрежа, што посебно не се заштитени со соодветни методи така што да може да бидат читливи при преносот (член 23 став 2);

16) не води евиденција на лица овластени за вршење на обработка на лични податоци (член 25 став 1);

17) извршувањето на обработката од страна на обработувачот не е уредено со договор во писмена форма, или правен акт кој го обврзува или ако тој не содржи: обврска за обработувачот да постапува единствено во согласност со упатствата добиени од страна на контролорот и обврска и за обработувачот да ги обезбеди мерките за тајност и заштита на обработката на личните податоци (член 26 став 2);

18) пред започнување на обработката на личните податоци, не ја извести Дирекцијата во врска со започнувањето на обработка на личните податоци или ако известувањето не ги содржи податоците предвидени во членот 27 на овој закон или ако во рок од 30 дена од датумот на промената, не достави известување до Дирекцијата за секоја промена на податоците содржани во известувањето (член 27) и

19) го попречува овластеното лице на Дирекцијата при вршење на увид или инспекциски надзор.

Глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорно лице во правно лице или службено лице во државен орган за сторен прекршок од став 1 на овој член.

Глоба во износ од 2000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правно лице за сторен прекршок од став 1 на овој член.

Член 49-а

Глоба во износ од 900 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице – контролор, ако:

1) податоците не ги собира за конкретни, јасни и со закон утврдени цели и ги обработува на начин кој не е во согласност со тие цели (член 5 став 1 алинеја 2);

2) ги чува личните податоци во форма што овозможува идентификација на субјектот на личните податоци, подолго од што е потребно да се исполнат целите

поради кои податоците се собрани за натамошна обработка (член 5 став 1 алинеја 5);

3) кога по истекот на рокот за чување личните податоци се обработуваат за други цели, освен за научни, историски и статистички цели (член 5 став 2);

4) при употребата на личните податоци не го почитува правото на заштита на приватноста, личниот и семејниот живот на субјектот на лични податоци од нивна неовластена употреба и во најкраток можен рок податоците нема да ги направи анонимни (член 5 став 3);

5) обработката на личните податоци ја врши без постоење на законска основа наведена во членот 6 на овој закон;

6) обработува лични податоци што се однесуваат на кривични дела и изречени казни, алтернативни мерки и мерки на безбедност спротивно на членот 7 од овој закон;

7) врши обработка на посебните категории на лични податоци без изречна согласност од субјектот на личните податоци (член 8 став 2 алинеја 1);

8) врши обработка на посебните категории на лични податоци, а тоа не е потребно за целите утврдени во член 8 став 2 алинеи 2 и 3 од овој закон;

9) обработката не се спроведува во рамките на работењето на установи, здруженија или кои било други непрофитни организации заради политичка, филозофска, верска, синдикална или друга цел или ако обработката на податоците не се однесува исклучиво на нивните членови и тие податоци бидат откриени на трети лица без согласност на субјектот на лични податоци (член 8 став 2 алинеја 4);

10) врши обработка на посебните категории на лични податоци кои субјектот на лични податоци не ги објавил јавно (член 8 став 2 алинеја 5);

11) матичниот број на граѓанинот го обработува спротивно на условите утврдени со член 9 на овој закон;

12) лицата кои добиле овластување за вршење обработка на личните податоци нема да ги запознае со начелата за заштита на лични податоци пред нивниот пристап до личните податоци (член 24);

13) обработката на податоците од член 29 на овој закон се врши без претходно добиено одобрение од страна на Дирекцијата (член 29);

14) овозможи пренос на лични податоци во друга држава, а притоа другата држава не обезбедила соодветен степен на заштита на лични податоци (член 31) и

15) изврши пренос на лични податоци во друга држава ако не се исполнети условите за исклучоците предвидени во членот 33 од овој закон.

Глоба во износ од 1200 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорно лице во право лице или службено лице во државен орган за сторен прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 4000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правно лице за сторен прекршок од ставот 1 на овој член.

Член 50

Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице-обработувач на збирка на лични податоци, доколку:

1) не примени соодветни технички или организациски мерки за да се обезбеди тајност и заштита на обработката на личните податоци на субјектот (член 23);

2) не води евиденција на лица овластени за вршење на обработка на лични податоци (член 25) и

3) обработката на личните податоци ја врши спротивно на овластувањата и инструкциите на контролорот или одредбите на овој закон (член 26).

Глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорно лице во правно лице или службено лице во државен орган за сторен прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 2500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице - обработувач на збирка на лични податоци за прекршок од ставот 1 на овој член.

Член 50-а

За прекршоците утврдени во членовите 49, 49-а и 50 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Дирекцијата (во натамошниот текст: Прекршочен орган).

Прекршочната постапка од ставот 1 на овој член ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија) формирана од страна на директорот на Дирекцијата.

Прекршочната комисија е составена од два члена и претседател на комисијата.

Членовите на комисијата се дипломирани правници со работно искуство од најмалку една година на предметната материја, а претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку две години на предметната материја.

Мандатот на членовите на прекршочната комисија е со времетраење од три години со право на повторен избор.

Покрај членовите на Прекршочната комисија директорот на Дирекцијата може да определи секретар на Прекршочната комисија кој врши административни работи за комисијата и заменици членови, кои по исклучок, учествуваат во работата на Прекршочната комисија во случај на отсуство на некој од членовите.

Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа.

Против одлуката на Прекршочниот орган со кое се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

Член 50 - б

Член на Прекршочната комисија може да се разреши:

1) со истекот на времето за кое е именуван;

2) по негово барање;

3) со исполнување на условите за старосна пензија согласно со законот;

4) ако биде осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца;

5) ако му се утврди трајна неспособност;

6) ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка со правосилна одлука;

7) ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисија и

8) ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случај за кој решава Прекршочната комисија.

Предлог за разрешување на член на комисијата за случаите од ставот 2 точки од 3 до 8 на овој член поднесува претседателот на Прекршочната комисија до директорот на Дирекцијата.

Прекршочната комисија има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.

Членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во работата на Прекршочната комисија и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.

Прекршочната комисија работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Прекршочната комисија води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки на начин пропишан од директорот на Дирекцијата.

Со актот од ставот 7 на овој член се пропишува и начинот на пристап до информации кои се содржани во евиденцијата.

Член 50-в

За прекршоците пропишани со овој закон ќе се води постапка за порамнување согласно Законот за прекршоците.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 51

Дирекцијата почнува со работа со денот на именувањето на директорот.

Собранието на Република Македонија во рок од шест месеца од влегувањето во сила на овој закон ќе го именува директорот на Дирекцијата.

Во рок од 30 дена од денот на именувањето на директорот на Дирекцијата, директорот ќе ги донесе актите за организација и систематизација на работните места на Дирекцијата.

Другите подзаконски акти предвидени со овој закон, директорот на Дирекцијата ќе ги донесе во рок од шест месеца од денот на неговото именување.

Член 52

Физичките и правните лица кои вршат обработка на личните податоци ќе го усогласат своето работење според одредбите на овој закон во рок од две години откако директорот на Дирекцијата ќе ги донесе подзаконските акти предвидени со овој закон.

Член 52-а

Одредбите од членовите 2 точка 11, 31 ставови 4, 5, 6, 7 и 33 став 3 на овој закон ќе се применуваат со денот на пристапувањето на Република Македонија кон Европската унија.

Член 53

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за заштита на личните податоци (“Службен весник на Република Македонија” број 12/94 и 4/2002).

Член 54

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

(“Службен весник на Република Македонија” бр.103/08)

Член 61

Подзаконските акти предвидени со овој закон, директорот на Дирекцијата ќе ги донесе во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 62

Контролорите се должни да го усогласат своето работење согласно со одредбите на овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Контролорите кои на денот на влегувањето во сила на овој закон обработуваат лични податоци се должни да достават известување во согласност со членот 27 на овој закон или барање за одобрување согласно со членот 29 на овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 63

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи членот 3 став 1 алинеја 3 од Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“, Меѓународни договори, бр.7/05).

Член 64

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на личните податоци.

Член 65

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а одредбите на членовите од 46 до 52

на овој закон ќе се применуваат по шест месеци од денот на неговото влегување во сила*.

* Одложената примена се однесува на одредбите од главата IX-а во која се уредува материјата за инспекцискиот надзор (членови од 44 до 47-а од Законот за заштита на личните податоци).